РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7333/2
16-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-4333/1 од 21.12.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување бидејќи наводите во пријавата не се однесуваат на незаконски постапувања од страна на службени лица.

Предметот со број 12-4333/1 од 21.12.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Државен завод за ревизија, на ден 21.12.2020 година, препратен е допис од Здружение на --------------------------------------------------, со барање за изземање на претседателот на здружението и неговата фамилија и враќање на финансиските средства што се проневерени од нивна страна.

По разгледувањето на пријавата и доставените документи, ДКСК констатира дека наводите во поднесеното барање не содржат елементи кои укажуваат или се однесуваат на незаконити или недозволиви дејствија на службени лица во смисла на член 8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имајќи предвид дека ДКСК нема елементи за надлежно постапување, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk